# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО** | **Бр. 6** |
| **ПОТРЕБА** | **год. 23** |


**Општина Чучер - Сандево, Мај 2020 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **Среда 20 мај 2020 година** | **Бр. 6 Год. 23** |


# 35.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД-ПРОЕКТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА 1 ВО СЕЛО ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за сопствено учество во реализација на под-проект Реконструкција на улица 1 во село Чучер-Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **32-та** седница, одржана на **20 мај 2020** година.

**Бр.09-483/1**
**20.05.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), и член 23 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево бр.5/19”), Советот на Општина Чучер Сандево на **32-та** седница, одржана на **20.05.2020** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД-ПРОЕКТОТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА 1 ВО СЕЛО ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Реализацијата на под-проектот “Реконструкција на дел од улица 1 во село Чучер-Сандево” ќе се реализира со средства кои ќе се одобрат од МСИП-2 грантот по основ реализиран проект “Реконструкција на дел од локален пат Александар Урдаревски – Рудници Бањани (Коцка)” и средства од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година.

**Член 2**

Проценетата вредност на под-проектот “Реконструкција на дел од улица 1 во село Чучер-Сандево” изнесува 10.455.091,00 денари.

Реализацијата на под-проектот од став 1 на овој член ќе се изврши со средства од МСИП-2 грантот и Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година и тоа:

-износ од 9.616.612,00 денари, односно 27% од вредноста на проектот “Реконструкција на дел од локален пат Александар Урдаревски – Рудници Бањани (Коцка)” ќе се одобрат од МСИП-2 грантот.

- износ од 838.479,00 денари ќе се обезбеди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево како сопствено учество.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-474/3**
**20.05.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**стр**

**35. Одлука за сопствено учество во реализација на под-проект Реконструкција на улица 1 во село Чучер-Сандево........................................................................................................ 1**